# Охрид-родниот град на Григор Прличев

Од Кристина Ивановска
IV а одделение

Охрид е град кој се наоѓа на југозападниот дел од Македонија, на североисточното крајбрејџје на Охридското Езеро кое по градот го носи своето име и е административен центар на истоимената општина. Охрид и Охридското Езеро се едни од главните туристички места во Македонија. Има 42.033 жители( 2OO2 година.) и се наоѓа на 135 километри од градот Тетово. Поради големиот број на цркви и манастири, градот е познат како Балкански и Европски Ерусалим. Охрид е познат и како ,, град на светлината”, што претставува буквален превод на неговото старо име Лихнид. Охридскиот регион е вклучен во светското наследство во УНЕСКО.  Најпознати места во Охрид се:








Во Охрид исто така е роден и Григор Ставрев Прличев, попознат како Григор Прличев. Григор Прличев е еден од попознатите ликови во македонската историја. Григор Прличев е роден 1830 година на 18 јануари, во Охрид , Отоманската  Империја. Кога имал 6 месеци неговиот татко Ставре Прличев починал, па неговата мајка Марија Прличева Ѓокова морала да се грижи и да ги врши сите домашни работи. Кога имал само 4 години дедо му му ја влел љубовта кон читањето во срцето купувајќи му го првиот грчки буквар. Пред дедото на Григор Прличев да почине и оставил аманет на снаа си меѓу сите нејзини деца таа да го школува Григор Прличев. Подоцна во 1850 година Григор Прличев се запишал на медицинскиот факултет во Софија, но никогаш не го завршил бидејќи Григор Прличев многу повеќе сакал да пишува песни и поеми.

Негови најпознати дела се:

- Автобиографија;
- Скендербег и
- Сердарот.

Поемата ,,Сердарот ” ја раскажува тажната приказна за загинувањето на славниот јунак и заштитник на народот, Кузман Капидан. Исто така поемата е наградена на литературен конкурс и на грчки ,, Сердарот “ се вика ,, Арматолоз “.
Во Скопје има споменик на Григор Прличев, а во Охрид има меморијална куќа на Григор Прличев.
Григор Прличев бил многу праведен човек и делел правда под секој услов и секој кој сакал да го спречи тоа не успевал, Григор Прличев не паѓал под ничие влијание.
Починал: 1893 година на 6 февруари ( на 63 години) во Охрид ,Отоманска Империја.
Гробот на Григор Прличев се наоѓа во црквата Св.Богородица  Перивплета во Охрид.








Меморијална куќа на Григор Прличев во Охрид

